Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен комунален инспекторат Скопје

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Inspektorati Shtetëror Komunal Shkup

Одделение за човечки ресурси
31, октомври 2019 година

**Архивски број:** 04-361/1

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и член 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/8, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18),Правилникот за систематизација на работни места во Државниот комунален инспекторат-Скопје бр:01-63/1 од 19.02.2016г и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Државниот комунален инспекторат - Скопје бр: 04-331/4 од 10.08.2016, 04-105/2 0д 21.02.2018г. и бр:04-159/2 од 20.05.2019г.,Државниот комунален инспекторат – Скопје објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 02/2019**
**За вработување на 1 (еден) извршител на определено работно време поради привремено зголемен обем на работа**

1. **Соработник -Соработник во Одделение за човечки ресурси - 1 еден извршител**

Државниот комунален инспекторат – Скопје објавува јавен оглас поради зголемен обем на работа за ангажирање на 1 лице на определено време додека трае потребата на институцијата а најдолго 31.12.2019 година

**Соработник -Соработник во Одделение за човечки ресурси.**

Потребни квалификации :

- за нивоата В02,В03 и В04 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 кредити според ЕЦВЕТ или завршен VII/1 степен од областа на Наука за книжевност или Образование, Правни науки,Организациони науки и управување (менџмент).


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу " бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk

- најмалку (1) една година работно искуство во струката.
- познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски,француски,германски)
- Дневно работно време од 8,30 часот до 16,30 часот, неделно работно време 40 часа-од понеделник до петок.
- Нето- плата 23.608,00 денари.

Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:

- своерачно подпишана пријава за работното место за кое се пријавуваат,
- кратка биографија(CV) со задолжително наведен телефон за контакт и адреса,
- уверение за државјанство,
- да има општа здравствена способност,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.
- диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место,
- доказ за познавање на англиски јазик,
- доказ за познавање на компјутерски вештини.

Потребната документација во оргинал, или копија заверена на нотар, да се достави до Архивата на Државниот комунален инспекторат или по пошта на следната адреса:
Државен комунален инспекторат – Скопје,
-Одделение за човечки ресурси,
бул. "Кузман Јосифовски-Питу" бр. 15 лок.1/2; 1000 Скопје.
(со назнака **„за оглас за вработување,,**)
Контакт тел: 02/2462-595
e-mail: contaktdki@dki.gov.mk

Рокот за доставување на потребната документација е пет (5) работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат. Ненавремената и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледувана.

По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведеното работно место, избраните кандидати ке бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Државниот комунален инспекторат.
Државниот комунален инспекторат-Скопје ке изврши избор во рокот пропишан согласно член 23 став 2 од Законот за работни односи.

**Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време.**


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу “ бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk